Врз основа на член 20 став 1 алинеја 10[1], член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), член 41 став 1 алинеја 8 и член 15 став 1 алинеја 18 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3632/1 од 22.8.2025 г., Конечниот извештај за извршен попис на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025 -та година, со пописните листи од извршениот попис во Агенцијата за 2025-та година, арх.бр.01-476/1 од 3.2.2026 г. и Заклучокот на Советот на Агенцијата, арх.бр.02-499/2 од 5.2.2026 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-2697/4 од 9.7.2026 г. на Советот на Агенцијата, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ја донесе следната

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 05-2727/1
10.07.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# О Д Л У К А

1. СЕ ОТПИШУВА од сметководствената евиденција на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), долгот на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево (ТДР РАДИО УСКАНА-ПЛУС Кичево), во износ од 3.631,00 (три илјади шестотини триесет и еден) денар.

2. Отписот на долгот од точка 1. од оваа Одлука, се врши поради тоа што ТДР РАДИО УСКАНА-ПЛУС Кичево на 10.7.2025 г., е избришано од Централниот регистар на РСМ и не постои можност за наплата на долгот.

3. Отписот на предметното побарување да се изврши по донесувањето на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на првото продолжение на 8-та седница одржано на 4.3.2024 г. донесе Одлука УП 1 бр.0802-69 од 5.3.2024 г. (Прилог бр.1) за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС Кичево бр.08-105 од 7.9.2023 г., поради неплатен годишен надоместок за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок – 30 дена од денот на приемот на Фактурата бр.2024-100-0058 од 11.1.2024 г. (наш арх.бр.0503-227/1 од 11.01.2024 г.)

На ТДР РАДИО УСКАНА-ПЛУС Кичево, согласно точка 2 од напред цитираната Одлука, му беше издадена нова Фактура бр.2024-100-0097 од 8.3.2024 г. (наш арх.бр.0503-1165/1 од 8.3.2024 г.) – Прилог бр.2, во вкупен износ од 3.631,00 денар, која се однесува само на периодот на работењето, односно од 5.1.2024 г. заклучно со 4.3.2024 г. Радиодифузерот беше задолжен оваа фактура да ја плати не подоцна од 8 (осум) дена од денот на нејзиното издавање.

Бидејќи должникот – ТДР РАДИО УСКАНА-ПЛУС Кичево, во предвидениот рок не го исплати долгот за надоместокот за дозволата за радио емитување за периодот на работењето, во вкупен износ од 3.631,00 денар, Агенцијата преку полномошник адвокат со кој има склучено Договор за набавка на адвокатски услуги, до нотар Елица Коруноска

[1]Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

Богески од Кичево на 3.4.2024 г. поднесе Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог (Прилог бр.3).

Во врска со наведеното, нотарот Елица Коруноска Богески од Кичево, донесе Решение НПН бр.386/24 од 15.4.2024 г. (Прилог бр.4) за издавање на нотарски платен налог, со кое се усвојува предложениот нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа и се задолжува должникот - ТДР РАДИО УСКАНА-ПЛУС Кичево да му го плати на доверителот – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги пристигнатото парично побарување во вкупен износ од 3.631,00 денар, по Фактура бр.2024-100-0097 од 8.3.2024 г. со законска казнена камата во висина на референтна стапка на НБ на РСМ што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодиетото кое му претходело на тековното полугодие зголемена за 10 процентни поени, сметано од 16.3.2024 г. до конечната исплата односно до моментот кога неисплатената камата ќе го достигне износот на главниот долг, износ од 2.400,00 денари на име паричен надоместок поради доцнење на исполнување на паричната обврска согласно член 8 од Закон за финансиска дисциплина, како и трошоци на постапка во вкупен износ од 2.426,00 денари (судска такса за предлог и решение во износ од 120,00 денари, нотарска награда во износ од 500,00 денари и трошоци за нотарот во износ од 250,00 денари, награда за состав на предлог во износ од 1.300,00 денари, трошоци за вадење на тековна состојба во износ од 256,00 денари)

Решението НПН бр.386/24 од 15.4.2024 г. за издавање на нотарски платен налог на 16.05.2024 г. стана правосилно и извршно (Прилог бр.5).

На 24.7.2024 г., Агенцијата преку ополномоштениот адвокат, до извршителот Личковски Чедомир, поднесе Барање за издавање на налог за извршување И.бр.630/24 од 26.7.2024 г. (Прилог бр.6), заради наплата на предметното парично побарување врз основа на извршна исправа. По повод поднесеното барање, извршителот достави Налог за извршување (од сметка на должник врз основа на чл.210 став 1 од Законот за извршување) И.бр.630/24 од 26.7.2024 г. (Прилог бр.7).

Во меѓувреме, односно на 11.9.2024 година, Агенцијата при редовната проверка на податоците објавени на интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ) констатираше дека е објавено Решение (Прилог бр.8) на Основниот суд Кичево СТБР.15/2024 од 4.6.2024 година со кое се поведува претходна постапка заради утврдување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево, при што за привремен стечаен управник се именува овластениот стечаен управник Младен Веселинов од Скопје. Предметното решение беше објавено и во „Службен весник на РСМ“ бр.214/24 (Прилог бр.9)

Во „Службен весник на РСМ“ бр.48 од 3.3.2025 г., објавено е дека Основниот суд во Кичево со Решение Ст.бр.15/2024 од 29.10.2024 г. (Прилог бр.10), над должникот ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево отвара стечајна постапка. Стечајната постапка не се спроведува и се заклучува.

Во меѓувреме, Агенцијата при редовна проверка на податоците објавени на интернет дистрибутивниот систем на ЦРРСМ, увиде променет правен статус кај субјекти кои се должници на Агенцијата, меѓу кои е и ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево, и тоа од правен статус „во постапка на утврдување статус“ во правен статус „неактивен“. Оттука, со оглед дека Агенцијата како доверител има парично побарување кон ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево и беше во постапка кај извршител до ЦРРСМ достави Известување бр.03-1830/1 од 17.4.2025 г. (Прилог бр.11) со цел да не се започне со постапка за бришење на истиот.

На 28.4.2025 г., ЦРРСМ до Агенцијата достави Одговор на известување бр.08-1074/2 од 24.4.2025 г. (наш арх.бр.03-1830/2) – Прилог бр.12, во кое е наведено дека *„Од увидот во единствениот трговски регистар утврдено е дека за субјектот на упис ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево, со решение на ЦРРСМ деловоден број 31120240000447 од 11.9.2024 г., извршен упис на решение на Основен суд Кичево Ст.бр.15/2024 од 4.6.2024 г., за поведување на претходна постапка заради утврдување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево. Во таа смисла за субјектот на упис ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево потребно е да го имате во предвид Законот за стечај.“*

Имајќи предвид дека Агенцијата како доверител има парично побарување кон ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево, а во ЦРРСМ подолг период немаше објавено дополнителни податоци, Агенцијата на 2.5.2025 г., до стечајниот управник Младен Веселинов испрати Барање бр.03-1918/1 (Прилог бр.13), со цел до Агенцијата да достави информација до каде е предметната постапка.

Меѓутоа, на 10.7.2025 г., на веб страната на ЦРРСМ објавено е Решение (Прилог бр.14) со кое се евидентира решението за отворена и заклучена стечајна постапка од Основен суд Кичево Ст.бр.15/2024 од 29.10.2024 г., над ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево, согласно одредбите на член 68 од Законот за стечај. Истата не се спроведува и се заклучува. Истиот ден (10.7.2025 г.) на веб страната на ЦРРСМ објавено е и Решение (Прилог бр.15) со кое ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево се брише од ЦРРСМ.

На 16.2.2026 г., Агенцијата за наведениот субјект извади тековна состојба од електронскиот дистрибутивен систем на ЦРРСМ, при што последниот податок е дека субјектот е избришан од ЦРРСМ на 10.7.2025 г. (Прилог бр.16)

Во точка 14 алинеја 5 од Конечниот извештај за извршен попис на предметите, опремата, потрошниот материјал, ситниот инвентар и побарувањата и обврските на Агенцијата за 2025 г., со пописните листи од извршениот попис во Агенцијата за 2025-та година, арх.бр.01-476/1 од 03.02.2026 г. од страна на Комисијата за попис даден е предлог за отпис на долг на ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево, во износ од 3.631,00 денари, со оглед на фактот дека друштвото е избришано од Централниот регистар на РСМ, со причина за престанок „по пат на стечај“ и не постои реална можност за наплата на долгот. Советот на Агенцијата со Заклучок, арх.бр.02-499/2 од 5.2.2026 г. му даде одобрение на Директорот на Агенцијата за усвојување на цитираниот Конечен извештај.

Согласно сето претходно наведено, а со оглед на фактот дека ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево е избришано од ЦРРСМ и не постои можност за наплата на долгот, Директорот на Агенцијата донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран Трајчевски**

**Прилози: (16)**

1. Одлука УП 1 бр.0802-69 од 5.3.2024 г. за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС Кичево;
2. Фактура бр.2024-100-0097 од 8.3.2024 г. (наш арх.бр.0503-1165/1 од 8.3.2024 г.);
3. Предлог за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа од 3.4.2024 г.;
4. Решение НПН бр.386/24 од 15.4.2024 г. од нотарот Елица Коруноска Богески од Кичево;
5. Правосилно и извршно Решение НПН бр.386/24 од 15.4.2024 г. за издавање на нотарски платен налог на 16.05.2024 г.;
6. Барање за издавање на налог за извршување И.бр.630/24 од 26.7.2024 г. до извршител Личковски Чедомир;
7. Налог за извршување (од сметка на должник врз основа на чл.210 став 1 од ЗИ) И.бр.630/24 од 26.7.2024 г.;
8. Решение на Основниот суд Кичево Ст.бр.15/2024 од 4.6.2024 г. објавено на 11.9.2024 г. на интернет дистрибутивниот систем на ЦРРСМ;
9. Решение на Основниот суд Кичево Ст.бр.15/2024 од 4.6.2024 г. („Службен весник на РСМ“ бр.214/24);
10. Решение Ст.бр.15/2024 од 29.10.2024 г. („Службен весник на РСМ“ бр.48 од 3.3.2025 г.);
11. Известување бр.03-1830/1 од 17.4.2025 г.;
12. Одговор на известување бр.08-1074/2 од 24.4.2025 г. (наш арх.бр.03-1830/2 од 28.4.2025 г.);
13. Барање за доставување информации бр.03-1918/1 од 2.5.2025 г.;
14. Решение од 10.7.2025 г. објавено на ЦРРСМ со кое се евидентира решението за отворена и заклучена стечајна постапка од Основен суд Кичево;
15. Решение од 10.7.2025 г. со кое ТДР РАДИО УСКАНА – ПЛУС Кичево се брише од ЦРРСМ и
16. Тековна состојба за избришан субјект од ЦРРСМ на 10.7.2025 г.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Директорот на Агенцијата;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;